CREDIT UNIONS BUILD A BETTER WORLD

**FOR IMMEDIATE RELEASE**
October 20, 2011
Press office: +389 (0)2 3115-244
Cell phone: +389 (0)71 248-650
Email: info@fulm.com.mk
www.fulm.com.mk

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ПЕЧАТОТ

## Штедилница ФУЛМ  го прослави Интернационалниот ден на Кредитни Унии

Штедилницата ФУЛМ со седиште во Скопје го прослави 20 Октомври, Интернационалниот ден на кредитни унии. Штедилница ФУЛМ зема учество во прославата на овој ден заедно со кредитните унии од над 100 земји и 188 милиони членови од целиот свет.  Прослава започна на улица Македонија, Скопје каде беше организирано тродневно запознавање на граѓаните со значењето на овој ден. Преку разговори во пријатна атмосфера беа запознаени над 2000 граѓани од најразлична возраст за Интернационалниот ден на кредитни унии.

“Повеќе од 12 години, Штедилница ФУЛМ, го прославува овој ден, нудејќи кредити и депозити за студенти, вработени, земјоделци, пензионери и невработени со дополнителни приходи” изјави Елеонора Згоњанин Петровиќ, Управител на Штедилница ФУЛМ Скопје.

Овој ден се прославуваше и во Филијалите низ Република Македонија, и тоа во Филијалата Тиквешија, група дечиња од Тиквешкиот регион успеаа да нацртаат балони  со логото на интернационалниот ден на кредитните унии. Во Филијалата ЈСП во Аеродром под мотото “ да се засладиме, прославиме и наградиме” беше организиран натпревар во слатки за членовите на ФУЛМ, каде најоргиналниот колач е награден, прославите продолжија и во Филијалите во Струмица, Битола и Тетово. Во Централата, во победнички кошаркарски дух беше организиран натпревар во минибаскет, каде секој кош од членовите беше награден со подарок .

**Штедилница ФУЛМ ДОО Скопје**

ШТЕДИЛНИЦА ФУЛМ ДОО СКОПЈЕ

Штедилницата ФУЛМ на македонскиот финансиски пазар е присутна од 1999 година, кога го имплементираше проектот за штедно-кредитни унии во Македонија преку WOCCU (www.woccu.org), финансиски поддржано од USAID (www.usaid.org.mk) Штедилницата ФУЛМ има мрежа од филијали и Шалтери: филијала Муртино во Струмица, филијала Полог во Тетово, филијала ЈСП,Аеродром и Шалтер во ЈСП Автокоманда,Скопје, филијала Тиквешија во Кавадарци, филијала Битола во Битола. Во своето повеќе годишно работење, Штедилница ФУЛМ реализира преку 16.000 кредитни линии со вкупен износ над 1 милијарда денари.Штедилница ФУЛМ го имплементира проектот DCA, преку USAID Македонија. Штедилница ФУЛМ е член на Светскиот совет за кредитни унии со седиште во Медисон,САД и основач на Европската мрежа на кредитнии унии со седиште во Брисел. Штедилница ФУЛМ е партнер со Лигата на кредитни унии на Мичиген,САД (www.mcul.org) и со Асоцијацијата на кредитни унии на Полска (www.skok.pl).